Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë së Veriut
Универзитет на ЈИЕ во Тетово - Република Северна Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of North Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo

| Pranuar Примено Received | 20.08.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Nj.org. Орг.Един. Org.unit | Numer Број No. | Shtojcë Прилог Attachment | Vlëra Вредност Value |
| 03 | 2492/1 | 0 | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08- 426/6
13 02 20 21 год.-viti
Скопје - Shkup

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**
**BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË**

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 165 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 14 седница одржана на 31.03.2021 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиската програма „ Јавна управа и администрација ", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за современи општествени науки при Универзитет Југоисточна Европа, Тетово**

1. Се акредитира студиската програма „ Јавна управа и администрација ", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за современи општествени науки при Универзитет Југоисточна Европа, Тетово, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2021/2022 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на науки по јавна управа и администрација од област Јавна управа и администрација /во меѓународен промет академски назив: Doktor of Sciences in Public Governance and Administration.

4. Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки.
Научно – истражувачко поле:509 Јавна управа и администрација.
Научно – истражувачка област:50901 Јавна управа, 50903 Друго.

5. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се:
Д-р Абдула Азизи, д-р Агрон Рустеми, д-р Али Пајазити, д-р Блерим Река, д-р Етем Азири, д-р Хасан Јашари, д-р Јонуз Абдулаи, д-р Мемет Мемети, д-р Вели Креци, д-р Земри Елези.

6. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

7. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

[1] 03-2492/1 [2021]

Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë së Veriut
Универзитет на ЈИЕ во Тетово - Република Северна Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of North Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo

| Pranuar Примено Received | 15.02.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Nj.org. Орг.Един. Org.unit | Numer Број No. | Shtojcë Прилог Attachment | Vlera Вредност Value |
| 03 | 354/1 | 0 | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 1409-416/4
26.01.2021 год.-viti
Скопје - Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 10-та седница одржана на 28.12.2020 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиската програма " Јавна управа и администрација" од трет циклус докторски студии на англиски јазик на Факултет за современи и општествени науки при Универзитет за Југоисточна Европа - Тетово**

1. Се акредитира студиската програма „Јавна управа и администрација" трет циклус докторски студии на англиски јазик на Факултет за современи и општествени науки при Универзитетот на Југоисточна Европа – Тетово согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2020/2021 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на науки по јавна управа и администрација /во меѓународен промет академски назив: Public Governance and adminisration.

4. Научно - истражувачко подрачје: Општествени науки
Научно – истражувачко поле: 509 – Јавна управа и администрација
Научно – истражувачка област: 50901 - Јавна управа 50903 - Друго

5. Акредитирани ментори за докторски студии на англиски јазик студиската програма се: Проф.д-р Етем Азири, проф.д-р Блерим Река, проф.д-р Хасан Јашари, проф.д-р Јонуз Абдулаи, проф.д-р Елена Андреевска, проф.д-р Ветон Латифи, проф.д-р Али Пајазити, проф.д-р Абдула Азизи, проф.д-р Фадил Зендели, проф.д-р Лилјана Силјановска, проф.д-р Земри Елези, проф.д-р Агим Алиу, проф.д-р Вели Креци, проф.д-р Мемет Мемети, проф.д-р Агрон Рустеми.

[1] 03-354/1 [2021]

6. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

7. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената одлука бр. 08-3597/2 од 10.12.219 година година од страна на Сенатот на универзитетот за усвојување на студиската програма „Јавна управа и администрација“ трет циклус докторски студии на англиски јазик на Факултет за современи и општествени науки при Универзитетот на Југоисточна Европа – Тетово , до Одборот за акредитација на високото образование достави барање бр.1405-416/1 од 16.12.2019 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 3 седница одржана на 01.07.2020 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр. 1409-416/3 од 05.01.2021 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 10-та седница одржана на 28.12.2020 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски